# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 10/2024 30.10.2024 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на Општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 43 - та редовна седница на Советот на Општина Пробиштип одржана на ден 29.10.2024 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2025 година бр. 26-750/3;
2. Одлука за давање согласност на финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2024 година. 26-750/4;
3. Одлука за усвојување на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година бр. 26-750/5;
4. Мислење на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за учебната 2024/2025 година бр.26-750/6;
5. Мислење на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за учебната 2024/2025 година бр.26-750/7;
6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улицина подрачјето на општина Пробиштип за 2024 година бр.26-750/8;
7. Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2024 година бр.26-750/9;
8. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на уличното осветлување во општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-750/10;

9. Програма за изменување на Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-750/11;
10. Програма за именување на Програма за спроведување на активности на спортските друштва во општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2024 година бр.26-750/12;
11. Програма за изменување на Програма за Социјална детска и здравствена заштита за 2024 година бр.26-750/13;
12. Програма за изменување и дополнување на Програма за Локален економски развој за 2024 година 26-750/14;
13. О длука за прв ребалан на Буџетот на општина Пробиштип за 2024 година бр.26-750/15;
14. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година бр.26-750/16;
15. Одлука за давање на согласност за распишување на Јавен повик формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание за млади на Општина Пробиштип бр.26-750/17;
16. Одлука за утврдување надоместок за претседател и членови на Управен одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр.26-750/18;
17. Решение за изменување на Решение за именување членови во општинскиот совет за превенција на детско претстапништво во општина Пробиштип бр.26-750/19.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 08-750/21
30.10.2024 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 5 став 2 и член 20-6 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година бр. 01-526/1 од 26.08.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2025 година бр. 01-526/1 од 26.08.2024 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-750/3
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/201935/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2024 година бр.05-655/1 од 16.10.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на финансиски извештај на**
**ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2024 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2024 година бр.05-655/1 од 16.10.2024 година година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2024 година бр.05-655/1 од 16.10.2024 година година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/4
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа член 21 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) а во врска со член 29 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20), Советот на Општина Пробиштип расправајќи по Програмата за работа на Средното општинско училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година, на седницата одржана на ден 29.10.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година бр.01-274/1 од 27.08.2024 година.

Член 2

Составен дел оваа одлука е годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година бр.01-274/1 од 27.08.2024 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/5
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/002 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 51 став 2 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, расправајќи по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Никола Карев" Пробиштип во учебната 2024/2025 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Никола Карев " Пробиштип за учебната 2024/2025 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Никола Карев" Пробиштип во учебната 2024/2025 година и тоа:

- Програма за еднодневна екскурзија на учениците од трето одделение во учебната 2024/2025 година бр. 03-455/1 од 20.09.2024 година,
- Програма за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во учебната 2024/2025 година бр. 03-456/1 од 20.09.2024 година,
- Програма за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во учебната 2024/2025 година бр. 03-457/1 од 20.09.2024 година,
- Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во учебната 2024/2025 година бр. 03-454/1 од 20.09.2024 година,
- Програма за посета на Прламентарен институт при Собрание на РСМ во учебната 2024/2025 година бр. 03-453/1 од 20.09.2024 година,
- Програма за посета на саем на книга и Институт за македонски јазик Скопје во учебната 2024/2025 година бр. 03-452/1 од 20.09.2024 година
- Програма за реализација на настава во природа за учениците од петто одделение бр. 03-458/1 од 20.09.2024 година.

2. Составен дел на ова мислење се Програмите наведени во точка 1 од ова мислење.
3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/6

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

29.10.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 51 став 2 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, расправајки по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип во учебната 2024/2025 година а го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип во учебната 2024/2025 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип во учебната 2024/2025 година и тоа:

- Програма за еднодневна екскурзија на учениците од трето одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-542/1 од 07.10.2024 година,
- Програма за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-543/1 од 07.10.2024 година,
- Програма за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-544/1 од 07.10.2024 година,
- Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-541/1 од 07.10.2024 година,
- Програмата за еднодневен есенски излет на учениците од прво до деветто одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-540/1 од 07.10.2024 година,
- Програма за посета на Прламентарен институт при Собрание на РСМ во учебната 2024/2025 година бр. 01-546/1 од 07.10.2024 година,
- Програма за посета на саем на книга на учениците од VII одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-548/1 од 07.10.2024 година
- Програма за реализација на настава во природа за учениците од 5 одделение во деветгодишно основно образование бр. 01-545/1 од 07.10.2024 година,
- Програма за посета на театар на учениците од IV одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-547/1 од 07.10.2024 година
- Програма за посета на детски музички фестивал на учениците од II-V одделение во учебната 2024/2025 година бр. 01-549/1 од 07.10.2024 година,
- Програма за извесување на ученички екскурзии и излети и бр. 01-543/1 од 07.10.2024 година.

2. Составен дел на ова мислење се Програмите наведени во точка 1 од ова мислење.
3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/7
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиптип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во Општина Пробиштип за 2024 година бр 26-1097/18 од 17.11.2023 година и тоа :

**Подпрограма Јд – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици**

-Во точката 3 , Реконструкција на дел од улица Тодор Александров ( од спој со улица Никола Карев до спој со улица Крсте Мисирков ) со Л=720м сумата од 0 денари во графата буџет се заменува со сума од 2 347 000 денари, а сумата од 16 000 000 денари во графата донации се заменува со сума од 16991000 денари.

- Точката 5 , Реконструкција на улица улица Јаким Стојковски од старо школо до спој со улица Димитар Влахов со должина од 410м се брише

- Точката 6 Реконструкција на дел од улица – пат кон нм Добрево со должина од 130м станува точка 5 сумата од 512 000 денари во графата буџет се заменува со сума од 1 043 000 денари , а сумата од 2 048 000 денари во графата донација се заменува со сума од 1 000 000 денари.

- Во точка 7 Реконструкција на дел од улица 11-ти Октомври комплет со тротоари на должина од 140м сумата од 680 000 денари во графата буџет се заменува со 709 000 денари , а сумата од 2 720 000 денари во графата донација се заменува со сума од 2 600 000 денари.

- Точка 8, Пробивање, асфалтирање и рабници на улица Брегалничка се брише.

- Точка 9 Реконструкција на улица Никола Карев се брише

- Точка 11 Изградба на потпорен ѕид на улица во старо Калниште станува точка 8.

-Точка 12 , Изградба на паркинг простор на улица во урбан блок 7.5 се брише.

-Точка 13, Изработка на кружен ток на сообраќајот на раскрсница на улиците Миро Барага со Јордан Стојанов се брише.

- Точката 15 ,Тампонирање на улици во општината станува точка 10, сумата од 1 050 000 денари се заменува со сума од 1 500 000 денари во графата буџет.

-Точка 19, поправка на оштетени тротоари во Злетово на улица Македонија станува точка 14 ,сумата од 2 000 000 денари во графата буџет , се заменува со сума од 1 738 000 денари.

-Точката 20 Реконструкција на асфалт на улица пред здравен дом во Злетово станува точка 15.

- По точка 15, се додава нова точка 16, Плаќање по склучени договори со изведувачи на работи на крај од 2023 година, а реализирани во 2024 година, во графа буџет се става сума од 1 441 000 денари.

-Вкупно во подпрограмата Јд место предвидените 27 932 000 денари во графата буџет се заменува со сума од 15 890 000 денари, а во графата донации сумата од 54 768 000 се заменува со сума од 54 591 000 денари.

Програмата за изменување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Пробиштип за 2024 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/8
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/24), Советот на Општина Пробиптип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Пробиштип за 2024 година бр 26-1097/17 од 17.11.2023 година објавена и тоа :

**Подпрограма Јг Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување**

Во точката 3 Изградба на нов водовод за нм Бучиште сумата од 640 000 денари во графата буџет се зголемува за 2 042 000 денари и ќе изнесува 2682000 денари. Во графата донација сумата од 2 560 000 денари се замебнува со 0 денари.

Точката 4 Изградба на подобрено водоснабдување во нм Пишица се брише

Вкупно во подпрограмата Јг место предвидените 1 980 000 денари во графата буџет треба да стои 3 822 000 денари , а во графата донација сумата од 3 260 000 денари се заменува со сума од 0 денари.

**Подпрограма Јл – Изградба на други комунални објекти**

- Во точката 3 , изградба на содржини за одмор и рекреација во населба Камењар ( летниковци )сумата од 1 800 000 денари во графата буџет се намалува за 640 000 денари и ќе изнесува 1 160 000 денари .

- Во точка 4 Изградба на содржини за одмор и рекреација и детско катче во Злетово сумата од 3 500 000 денари во графата буџет се зголемува за 370 000 денари , а сумата од 2 500 000 денари се брише и вкупно во точка 4 место 6000000 денари графата буџет ќе изнесува 3 870 000 денари.

-Во точка 5 Уредување на брегот на брана Пишица со пристапен пат сумата од 1 530 000 денари во графата буџет се заменува со сума од 0 денари.

- Во точка 6 Регулирање на речно корито во населба Пробиштип во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 1 950 233 денари.

- Во точката 7, Уредување на простор на спојот на улиците Кочо Рацин и Јане Сандански сумата од 2 400 000 денари се заменува со сума од 1 576 840 денари

- Во точката 8 , Изработка на урбани содржини на спојот на улиците Илинденска и Гоце Делчев сумата од 2 000 000 денари се заменува со сума од 1798694 денари .

- По точка 9 се додава нова точка 10 , Плаќање на обврски према изведувачи на работи за договори склучени во 2023 година , а реализација во 2024 година , во графата буџет сума од 4 000 000 денари.

Вкупно во подпрограмата Јл сумата од 14 470 000 денари во графата буџет се заменува со сума од 15 095 763 денари, а во графата донации останува сумата од 10 970 000 денари.

**Подпрограма Ла- Спортска инфраструктура**

-Точката 2 Санација на трибини и поставување на рефлектори на градски стадион во Пробиштип се брише.

-Точката 4 реконструкција со поставување на вештачка трева на игралиште во нм Ратавица станува точка 3 и сумата од 2 300 000 денари во графата буџет , се заменува со сума од 2 180 000 денари.

По точка 3 се додава нова точка 4 ,Плаќање на обврски према изведувачи на работи за договори склучени во 2023 година , а реализација во 2024 година , во графата буџет сума од 7 268 000 денари.

Вкупно во подпрограмата Ла место предвидените 6 400 000 денари во графата буџет ќе стои 9 548 000 денари, а во графата донации останува сумата од 3 000 000 денари.

Програмата за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2024 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/9
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
**ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2024 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на уличното осветлување во Општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-1097/21 од 17.11.2023 година, и тоа:

Подпрограма ЈА-1 Расходи за изградба и реконструкција на улично осветлување

-Во точка 1 осветлување на ул “3-ти Април” сумата 1.196,000,00 денари се заменува со сума од 1.350.000денари.

-Точка 2 осветлување на ул.”Димитар Влахов” се брише.

-Точка 3 осветлување на ул.”Улица Добревски” сумата од 1.700.000 се за менува со сума 1.900.000 денари.

-Точка 4 осветлување на ул.”Брегалничка” се брише.

-Точка 5 осветлување на ул. .”Свети Гаврил.” Се брише.

-Точка 6 Улица во камењар од спој со ул.”Димитар Влахов.”до пред влез гробишта, се брише.

-Точка 7 Улица Осоговска, се брише

-Во точка 10, новогодишно украсување сумата од 686.800 денари се заменува со сума од 786.800 денари.

-Се додава нова точка, осветлување на ул.”Тодор Александров” од спој со улица “Никола Карев” до спој со ул.”Методија Андонов Ченто” со сума од 1.500.000,00 денари.

-Се додава нова точка осветлување на дел од ул.ХТ Карпош со сума од 150.000 денари

Вкупно во подпрограмата ЈА-1 сумата 9.898.800 се заменува со сума од 9.198,800.

Подпрограма ЈЗ-О-Одржување на улично осветлување

Точка 1 За потрошена електрична енергија сумата од 4.000.000 се заменува со 4.700.000 денари.

Вкупно во подпрограмата ЈЗ-О сумата 4.650.000 се заменува со сума од 5.350.000 денари.

Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба и одржување на уличното осветлување во општина Пробиштип за 2024 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-750/10
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24), член 15 став 1 точка 5 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, ја донесе следната:

## ПРОГРАМА
## за изменување на Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2024 година

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-1097/29 од 17.11.2023 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 14/2023 година и Програма за изменување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-586/20 од 19.08.2024 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 8/2024 година .

Во Програмата во табеларниот дел се врши следната измена:

Се брише Точката 26 „Поддршка на НВО кои се бават со дејноста култура) во износ ........100.000,00 денари. “

Се брише точката 28 „Поддршка на општинските училишта во реализација на проекти од Стратегијата на општина Пробиштип за меѓуетничка интеграција во образованието во износ........................................................................................100.000,00 денари. “

Се менува точката 29 „Други потребни работи за потреби на општина Пробиштип” и наместо „108.000,00 денари”, ќе стои „8.000,00 денари.”

Се вкупно програмата се намалува за 300.000,00 денари и наместо „5.857.025,00 денари” ќе изнесува „5.557.025,00 денари.”

Програмата за изменување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2024 година, влегува во сила со објавување во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/11
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24), член 15 став 1 точка 5 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Пробиштип ( Сл. Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/24) , Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**за именување на Програма за спроведување на активности на спортските друштва во општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2024 година**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за спроведување на активности на спортските друштва во Општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2024 година бр. 26-1097/24 од 17.11.2023 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 14/2023 година и Програмата за дополнување на Програмата за спроведување на активности на спортските друштва во Општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2024 година бр. 26-586/21 од 19.08.2024 година објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 8/2024 година .

Во Програмата во табеларниот дел се врши следнаото дополнување:

Се бриште точката 20 „Поддршка на новоформирани клубови во текот на 2024 годинаво износ од 50.000,00 денари "

Се менува точката 21 „Награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари" и наместо „100.000,00 денари" ќе стои „50.000,00 денари.

Се брише точката 22 „Одржување и мали интервенции на спортските терени во општина Пробиштип во износ од 60.000,00 денаари ".

Се вкупно програмата се намалува за 160.000,00 денари, и наместо износот „3.973.000,00 денари" ќе изнесува „3.813.000,00 денари".

Програмата за изменување на Програмата за спроведување на активности на спортските друштва во Општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2024 година, влегува во сила со објавување во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/12
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) , Градоначалникот на Општина Пробиштип, му предлага на Советот да ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**За изменување на Програма за Социјална детска и здравствена заштита за 2024 година**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за социјална детска и здравствена заштита во Општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-1097/27 од 17.11.2023 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 14/2023 година и тоа:

Програма Т1.

Точката 2 „Активности во детската заштита" во алинеја 3 „Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 денари " износот од 3.000.000,00 денари се менува и гласи 2.000.000,00 денари.

Вкупно предвидени финансиски средства од областа на детската заштита во точка 3 „Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 денари" износот од „3.000.000,00 денари" се менува и гласи „2.000.000,00 денари".

Износот вкупно „8.480.000,00 денари" се менува и гласи „7.480.000,00 денри".

Во Финансиска рамка на програмата за социјална, здравствена и детска заштита за 2024 година износот „12.040.000,00 денари" се менува и ќе гласи „11.040.000,00 денари".

Програмата за изменување на Програмата за социјална детска и здравствена заштита во Општина Пробиштип за 2024 година влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/13
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Пробиштип ( Сл. Гласник на Општина Пробиштип 4/2005, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) , Советот на Општина Пробиптип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година, ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**

**За изменување и дополнување на Програма за Локален економски развој за 2024 година**

Со оваа предлог Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој за 20204 година - Подпрограма за заштита на животна средина во Општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-1097/31 од 17.11.2023 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 14/2023 година. Програма Р1.

Точката 6 –Изработка на ЛЕАП каде се предвидени 300.000 ден. во табеларниот преглед во Подпрограма за заштита на животна средина се брише. Оваа точка се брише бидејки изработката на ЛЕАП ке се изврши од страна на вработените во Одделението за ЛЕР и заштита на животната средина со техничка помош од УСАИД-Проект кој ке се имплементира во наредните 18 месеци.
Точката 8 -Субвенционирање на клима уреди каде се предвидени 1.250.000 ден. во табеларниот преглед во Подпрограма за заштита на животна средина се зголемува за 350.000 ден. И вкупната сума ке биде 1.600.000 ден. Оваа сума се зголемува заради поголемиот интерес за поставување на клими од страна на граганите на Општината.
Точката 9 - Субвенции за сончеви колектори каде се предвидени 750.000 ден. во табеларниот преглед во Подпрограма за заштита на животна средина се намалува за 250.000 ден. поради помал интерес од граганите и средствата се префрлаат во Точката 8 -Субвенционирање на клима уреди. Вкупната сума ке биде 500.000ден.
Точка 10 - Субвенционирање на велосипеди каде се предвидени 200.000 ден. во табеларниот преглед во Подпрограма за заштита на животна средина се намалува за 100.000 ден. ,поради помал интерес од граганите и средствата се префрлаат во Точката 8 -Субвенционирање на клима уреди. Вкупната сума ке биде 100.000ден.

Со оваа предлог измена на Програмата за Локален економски развој-Подпрограма за заштита на животна средина во Општина Пробиштип за 2024 година наместо предвидените 2.800.000 денари ќе стои 2.500.000 денари .

Доколку до крајот на 2024 година останат неискористени средства по основ на субвенции за сончеви колектори и субвенции за велосипеди истите да се искористат за субвенционирање на клима уреди од причина што средствата за субвенции се предвидуват на исто конто во Буџетот на Општина Пробиштип.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој за 2024 година влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/14
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 29 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа

(“Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Пробиштип на четириесет и третата седница, одржана на 29.10.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ПРВ РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ на ОПШТИНА ПРОБИШТИП за 2024 година

### I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

| ОПИС | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| **I.Вкупни приходи** | **381,471,766** | **411,584,880** |
| Даночни приходи | 73,820,000 | 71,833,000 |
| - Неданочни приходи | 21,409,849 | 21,396,849 |
| Капитални приходи | 31,103,000 | 33,103,000 |
| Приходи од дотации | 209,785,270 | 226,110,801 |
| Трансфери | 41,203,668 | 54,371,188 |
| Приходи | 4,149,979 | 4,770,042 |

| | | |
|---|---|---|
| од дона ции | | |

| | | |
|---|---|---|
| **II. Вкупни расходи** | **439,100,784** | **461,293,033** |
| Утврдени намени | 439,000,784 | 461,193,033 |
| Резерви | 100,000 | 100,000 |

| | | |
|---|---|---|
| **III. Дефицит** | **-57,629,018** | **-49,708,153** |

| | | |
|---|---|---|
| **IV. Финансирање** | **57,629,018** | **49,708,153** |
| **Прилив** | **60,452,418** | **52,531,553** |
| Домашно задолжување | | |
| Депозит | 60,452,418 | 52,531,553 |
| **Одлив** | **2,823,400** | **2,823,400** |
| Отплата на главница | 2,823,400 | 2,823,400 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

Член 3

Буџетот на Општина Пробиштип за 2024 година влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/15
29.10.2024 год.
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-750/16
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен Весник на Републока Северна Македонија“ бр 10/20) и член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), а во врска со член 36-а од Статутот на Општина Пробиштип („Сл. Гласник на Општина Пробиштип“ бр. 04/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 29.10.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
**За давање на согласност за распишување на Јавен повик формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание за млади на Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Пробиштип дава согласност за распишување на Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конситуирање на Локално собрание на млади на Општина Пробиштип.

Член 2

За контитуирање на Локално собрание на млади се формира Иницијативен одбор.

Иницијативниот одбор претставува група од 5 млади луѓе, жители на Општина Пробиштип на возраст од 15 до 29 години, со цел за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Пробиштип.

Мандатот на членовите на Иницијативниот одбор трае до одржување на конститутивното Локално собрание на млади.

Член 3

Иницијативниот одбор има за задача:

- Распишување на јавен повик за формираање на Локално собрание на млади согласно Статутот на Општина Пробиштип, на принНципот јавност и транспарентност.

-Соработка со општината при организација и одржување на конститутивно локално собрание на млади.

Член 4

Во иницијативниот одбор може да членуваат: младински организации, организиации за млади, политички подмладоци, ученички организации, студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционират на територијат на Општина Пробиштип.

Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани со седиште во Општина Пробиштип, но мора да имаат активности на територијата на Општина Пробиштип.

Член 5

Задолжителни документи за учество на јавниот повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание за млади на Општина Пробиштип се:

-Портфолио на организацијата,

-Годишна програма на организацијата,

-Извештај за работата на организацијата за предходната година,

-Пријава за номинација на претставник за член во Иницијативниот одбор ,

-Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата,

-Изјава за согласност за користење на личните податоци од номинираното лице,

-Кратко моривациско писмо со биогрфија .

Член 6

Критериуми за избор на членови во Иницијативниот одбор за распишување на јавен повик за конституирање на Локално Собрание за млади на Општина Пробиштип се:

- Да е жител на Општина Пробиштип,
- Возраст од 15 до 29 години,
- Проактиен, креативен, способен за индивидуална и тимска работа.

Член 7

Јавниот повик се објавува во електронска форма на интернет страницата на Општина Пробиштип.

Јавниот повик трае седум (7) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Јавниот повик во себе содржи, услови и начинот на избор на членовите на Иницијативниот одбор.

Член 8

Пристигнатите пријави согласно Јавниот повик ќе ги разгледува Комисија од три члена, формирана од Градоначалникот на Општина Пробиштип, која ќе даде предлог Мислење до Градоначалникот кој ги избира на членови во Иницијативниот одбор.

Член 9

Првата седница на Иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи највозрасниот член од избраните членови на Иницијативниот одбор.

Иницијативниот одбор го распишува повикот со цел конституирање на Локално собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на транспарентност и јавност.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-750/17
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на на член 36 став 1 точка 43 од Законто за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 19 став 3, 4 и 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување надоместок за претседател и членови на Управен одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип**

Член 1

Претседателот и членовите на Управниот одбор на ЈКП „Никола Карев“ имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното комунално претпријатие.

Член 2

Месечниот надоместок на претседател и членови на Управен одбор на ЈКП „Никола Карев“ изнесува:

- 8.000,00 за претседател на Управниот одбор

- 7.000,00 денари за членови на Управниот одбор

Член 3

Под месечен надоместок се подразбира надоместок за работа на претседателот и членовите на УО во текот на еден месец, без оглед на бројот на одржани седници.

За секое отсуство од седница на Управен одбор, без оглед на причините за отсуство, месечниот надоместок се намалува за 10%.

Доколку во текот на еден месец се одржат 2 седници на УО, за едно отсуство од седница месечниот надоместок му се намалува за 10%.

Доколку во текот на еден месец се одржат 3 седници на УО, за две отсуства од седница месечниот надоместок му се намалува за 20%.

Доколку во текот на месецот се одржат повеќе седници, за секое отсуство од седница надоместокот се намалува за по 10%.

Доколку во текот на месецот претседателот или член на УО не присуствува на ниту една седница, не се исплаќа месечен надоместок.

Доколку во текот на еден месец не се одржи ниту една седница на УО тогаш не се исплаќа надоместок.

Член 4

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип, а ќе се применува од денот на изборот на членовите во Управниот одбор.

Број 26-750/18<br>29.10.2024 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАВАЧ<br>Борче Милановс.р.

---

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правдата на децата (Службен весник на РМ бр. 148/13) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002 и Сужбен Весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), а во врска со Одлуката за формирање на општински совет за превенција на детско претстапништво број 26-1232/7 од 20.11 2015 година и Решение со број 26-1202/28 од 16.12 2021 година за именување членови во општинскиот совет за превенција на детско претстапништво во Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2024 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**За изменување на Решение за именување членови во општинскиот совет за превенција на детско претстапништво во Општина Пробиштип**

1. Со ова Решение се врши изменување на Решение за именување членови во општинскиот совет за превенција на детско претстапништво во општина Пробиштип број 26-1202/28 од 16.12 2021 година, а врз основа на доставената номиниција од институциите и тоа:
   - од Совет на родители од СОУ „Н.Н.Борче“ Пробиштип се разрешува Горан Николов, а се именува Наташа Трајчевска;
   - од Унија на средношколци Пробиштип се разрешува Сара Петровска, а се именува Јана Трајчева;
   - Од МВР ПС Пробиштип се разрешува Бобан Стоилковски а се именува Дарко Киров.
2. Именуваните членови ќе вршат работни задачи согласно Закон за правда на децата со мандат колку и мандатот на другите членови од Општинскиот совет за превенција на детско престапништво.
3. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-750/19
29.10.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.